ДПИ ХИДРОИНЖЕНЕРИНГ - СТРУМИЦА

ОСНОВЕН ПРОЕКТ

УРЕДУВАЊЕ НА МОУНТАЈН БАЈК ПАТЕКА ДО ЛОКАЛИТЕТ СВЕТИ ИЛИЈА

ТЕХ. БР. 62-08/18



АВГУСТ 2018 ГОД.

ДПИ ХИДРОИНЖЕНЕРИНГ – СТРУМИЦА

Наслов:	УРЕДУВАЊЕ НА МОУНТАЈН БАЈК ПАТЕКА ДО ЛОКАЛИТЕТ СВЕТИ ИЛИЈА
Проектант:	ДПИ ХИДРОИНЖЕНЕРИНГ – СТРУМИЦА
Инвеститор:	ОПШТИНА СТРУМИЦА
Категорија на градба:	ВТОРА КАТЕГОРИЈА
Вид на проект:	ОСНОВЕН ПРОЕКТ
Одговорен проектант:	Живко Сапунџиев, *дипл.град.инж.*
Соработници:	
Ревидент:	
Технички број:	62-08/18
Датум:	Август 2018 год.

Управител:

Живко Сапунџиев

С О Д Р Ж И Н А

Општ дел

- Документи за регистрација на фирма и лиценца
- Решение за проектанти и овластувања
- Проектна задача

Текстуален дел

1. Технички опис
2. Предмер пресметка
3. Технички услови за изведување на работите
4. Мерки за заштита при работа
5. Геодетски податоци
6. Таблица за земјани маси

Графички прилози

1.1 Прегледна Ситуација, М=1:2500

1.2 Ситуација, М=1:1000

2.1 Надолжен профил, М=1:100/1000

3.1 Попречни пресеци, М=1: 100

4.1 Детал на монтажен цеваст пропуст, М=1:100

4.2 Типски попречни пресеци, М=1:50, 15

ОПШТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Број: 0809-50/150820180004305
Датум и време: 6.6.2018 г. 12:23:20

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5363489
Назив:	Друштво за проектирање и инженеринг ХИДРОИНЖЕНЕРИНГ експорт-импорт ДООЕЛ Струмица
Седиште:	БРАТСТВО-ЕДИНСТВО бр.28/А СТРУМИЦА, СТРУМИЦА

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	41.20 - Изградба на станбени и нестанбени згради
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:
Вангелица Танушева

Овластено лице:
Ристо Матков

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СТРУМИЦА * СКОПЈЕ *

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 16 став (3) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16 и 31/16), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА Б
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ВТОРА КАТЕГОРИЈА

НА

Друштво за проектирање и инженеринг
ХИДРОИНЖЕНЕРИНГ експорт-импорт ДООЕЛ Струмица

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул.Братство-Единство бр.28/А, Струмица, ЕМБС:5363489

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **05.09.2023 година**

Број: **П.371/Б**

05.09.2016 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Владо Мисајловски

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за Градење (Службен весник бр. 130/09), а во врска со изработката на **ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА МОУНТАЈН БАЈК ПАТЕКА ДО ЛОКАЛИТЕТ СВЕТИ ИЛИЈА**, *Август 2018 година, Технички број 62-08/18*, го донесувам следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За **Одговорен** п**роектант** се одредува:

Живко Сапунџиев, *дипл.град.инж.*

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Живко Сапунџиев*, дипл.град.инж.* со Овластување Б за проектирање на градби како одговорен проектант од градежништво 2.1063 издадено на 30.04.2014 год. со важност до 30.04.2019 год. се одредува за Одговорен проектант бидејќи ги исполнува условите од Законот за Градење.

Управител:

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/12), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ Б

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ГРАДЕЖНИШТВО

на

ЖИВКО САПУНЏИЕВ

Овластувањето е со важност до:30.04.2019 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж.

Број: **2.1063**

Издадено на:30.04.2014 год.

Р е п у б л и к а М а к е д о н и ј а
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА
Ул. „Сандо Масев” бр.1, 2400 Струмица, Р. Македонија

централа: 034-348-030, кабинет: 348-026, факс 320-544
www.strumica.gov.mk gradonacalnik@strumica.gov.mk

П Р О Е К Т Н А З А Д А Ч А

за изработка на
Основен проект за уредување на моунт бајк патека до локалитет Свети Илија, Струмица

1. ВОВЕД

Согласно планските и програмските определби на Општина Струмица, а во согласност со Законот за Градење, потребна е изработка на Основен проект за уредување на моунт бајк патека до локалитет Свети Илија, Струмица.

2. ЛОКАЦИЈА

Локалитетот ,,Св. Илија” се наоѓа на околу 2,5 км југозападно од Струмица. Истиот претставува комплекс кои го сочинуваат црква и два конака. Површината на која што се наоѓа целиот комплекс и патеката е во сопственост на Р. Македонија.

3. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ

Предмет на оваа проектна задача е дефинирање на програмски и проектни услови за изработка на документација во фаза на Основен проект со сите фази за уредување на моунт бајк патека до локалитет Свети Илија, Струмица.
Цел на проектот е да придоне за помасовна посета на истиот од страна на домашните и странски туристи, и развој на велосипедскиот спорт.

4. ПРОЕКТНИ ПОДЛОГИ

Како основи за проектирање да се користат изводот од урбанистичка документација за населено место и сите расположливи подлоги од надлежни институции од кои ќе се добијат сите потребни информации и релевантни податоци за актуелната локација, теренски увид на моменталната состојба, важечката техничка и законска регулатива и подзаконски акти (правилници, стандарди и нормативи) кои вршат регулирање на материјата опфатена со оваа Проектна задача.

5. ОПШТИ ПРОЕКТНИ УСЛОВИ

Пред да се отпочне со изработка на проектната документација, потребно е од страна на проектантот да се изврши увид на локацијата со детално констатирање на состојбата на секој постоечки објект, се со цел вклопување на истите во новото решение на просторот.

При изработката на проектот треба да се обрне особено внимание за решението да биде модерно, естетски, колоритно, функционално и економски издржано, како и вклопливо во целокупниот простор и постоечката вегетација, со примена на еколошки прифатливи материјали. Одводнувањето на атмосферските води соодветно да се реши.
Во основниот проект, во сите фази потребно е да се наведат сите услови во кои детално ќе се опише видот и начинот на изработка. Во позициите кои се врзани со стандарди треба да се даде детален опис на стандардите соодветно за секоја позиција.
Описот на позициите да биде прецизен и јасен. Предмерите и предмер пресметките да бидат дадени со и без проектански цени.
Деловите од проектната документација кои не се во електронска верзија да се скенираат и доставаат заедно со другите делови на ЦД.

6. СОДРЖИНА И ЗАВЕРКА НА ПРОЕКТОТ

Содржината, означувањето и заверката на Основниот проект во целост да биде во согласност со законските прописи на Република Македонија.

7. ДОСТАВУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Изработениот проект треба да добие позитивна ревизија од страна на лиценцирана фирма за вршење на ревизија, избрана од страна на Инвеститорот на основниот проект.
По добиената позитивна ревизија, Основниот проект со сите фази треба да биде доставен во 3 (три) комплетни оригинални примероци во печатена хартиена форма и 1 (еден) примерок во дигитализирана (електронска) форма на ЦД.
Документацијата да биде спакувана така да биде заштитена од евентуални промени во нејзината содржина.

ИНВЕСТИТОР

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

Основен проект Основен проект за уредување на монтбајк патека до локалитетот Свети Илија, Струмица, Општина Струмица

Инвеститор: Општина Струмица
Проектант: **ДПИ "Хидроинженеринг" ДООЕЛ - Струмица**

1. ВОВЕД
ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Согласно договорот меѓу Општина Струмица и ДПТУ Хидроинженеринг ДООЕЛ - Струмица, склучен на.2018 година, изработен е проект за основен проект за уредување на монтбајк патека до локалитетот Свети Илија, Струмица и, согласно проектната задача.

МОНТАЈН БАЈК ПАТЕКА ДО ЛОКАЛИТЕТ СВЕТИ ИЛИЈА

Оваа патека за уредување, се протега од постоечкиот асфалтен пат кој води до месноста Цареви Кули, па се манастирот Свети Илија. Теренот е од IV категорија и во основа е добра подлога.

Истата е проектирана во се спрема елементите земени од терен, и правилникот за проектирање на ваков вид патеки.

При проектирањето се почитувани условите на теренот, изградените објекти и слично. Одводнувањето на атмосферските води е решено со канавки од левата и десната страна и два монтажно цевасти пропусти.

2. ПРЕДМЕТ НА ЗАДАЧАТА

Предмет на задачата е да се изработи техничка документација на ниво Основен проект за Основен проект за уредување на монтбајк патека до локалитетот Свети Илија, Струмица

3. ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ГЕОДЕТСКИТЕ РАБОТИ

Сите теренски геодетски снимања извршени се од страна на геодетската фирма,со ГПС приемник и тотална станица ЛАИКА ВИВА 8, при што се добиени податоци за изработка на хоризонталното решение, вертикалното решение, како и карактеристичните напречни профили.

4. ОСНОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

Како основи за изработка на овој Основен проект користени се сите расположиви податоци од кои се добиваат потребните информации за локацијата на актуелниот простор како и важечката законска и техничка регулатива:

- Проектна задача;
- Детално снимена геодетска подлога - ситуација изработена во М. = 1:1000;
- Рекогносцирање на теренот;
- Важечка законска и техничка регулатива.

5. ПРОЕКТНИ УСЛОВИ

Со проектната задача дефинирани се основните параметри за проектирање, ширината на патеката. од кои:

- Ширина на пристапна патека -- ---------- 3,50 м.

6. КОЛОВОЗНА КОНСТРУКЦИЈА

За ваков вид на работи,кадешто ќе се одвива пешачки и моторен сообраќај како и за подобрување на носивоста на долниот строј, имајќи го во предвид барањето на инвеститорот, Проектантот ја предлага следната коловозна конструкција :

Коловозна лента:
- Тампон од дробеник ---------- д =20 см.

7. ХОРИЗОНТАЛНО РЕШЕНИЕ

Хоризонталното решение на патеката т.е. нејзината геометрија е со однапред одреден коридор.

Помеѓу утврдените правци во овој коридор вметнати е 24 чисто кружни хоризонтална кривина со радиус од Рмин.=4,5 м, Рмах=1000 м.

Почетокот на трасата т.е. км.0+000,00 земен е од почетокот на асфалтниот пат, а завршетокот на трасата е на км. 1+052,89.

Коловозот на оваа патека ќе биде со ширина од 3,50 м.

Попречниот наклон на патеката изнесува Jp=2,0%.

За сите елементи на хоризонталните кривини дадени се табеларно со координати. Свои координати имаат почетокот и крајот на трасата, како и осовинските точки на карактеристичните напречни профили.

Сé што беше напред кажано може да се види од приложената ситуација за хоризонталното решение на трасата во М 1:1 000.

8. ВЕРТИКАЛНО РЕШЕНИЕ

Вертикалното решение на трасата условено е пред сé од локалните услови и конфигурацијата на теренот. Во секој случај нивелетата е условена најчесто со барање за почитување на потребата нивелацијата да се прилагоди на изградените содржини како и содржините кои треба да се градат. и нивелационото решение на постоечката патека. Ценејки го сето напред кажано нивелетата на трасата е повлечена

така што, во поголемиот дел, го прати постоечкиот терен, при што наклоните на истата изнесуваат Јмин=2,5,8% до Јмах=17%.

Сите преломи на нивелетата се заоблени со вертикални кривини со соодветни радиуси, а нивната местоположба и големина одговара према Прописите за ваков вид на работи .

За нивелационото решение на трасата изработен е надолжен профил во М=1:100/1000 од каде може да се видат сите податоци за вертикалниот тек на трасата.

9. ОДВОДНУВАЊЕ

Одводнувањето на коловозната површина, коловозното легло, трупот на патеката и заштитата од површински и странични води ќе го овозможуваат надолжните и попречните наклони, како и канафките заедно со пропустите, кои се долж трасата.

При изведување на работите на канафките да се внимава на хоризонталното решение, вертикалното решение и карактеристичните напречни профили.

Трасата на каналот е водена по левиот раб и десниот раб на патеката, а целиот систем е проектиран како гравитационен и атмосферските води кон канафките и пропустите се движат по природен пад.

Нивелета:

Нивелетата на канафката е проектирана со подолжен пад ист како нивелетата на патеката и е даден во надолжниот профил.

При водењето на нивелетата е водено сметка за конфигурацијата на теренот и проектираните подолжни падови на патеката и се во минимално дозволените граници.

Профил на цевката за пропусти:

Профилот на цевките за монтажните цевасти пропусти е димензиониран врз база на вкупната количина на вода што треба да се транспортира и изнесува ф=1000 и 400 мм. Се препорачува во каналот да се вградат пластични цевки, произведени од докажан производител, кој за квалитетот на истите ќе обезбеди соодветна гаранција, преку сертификати за квалитет и атести а според типот и видот на производот да ја дадат соодветната методологија за испитување на системот.

Земјани работи:

Дното на ровот пред монтажата на цевките треба да биде фино испланирано со точност од $\pm$ 1.0 см.

По дното на ровот пред положување и монтирање на цевките треба да се распостели слој од мршав бетон со дебелина од д=10см.

10. КЛИМАТСКО ХИДРОЛОШКИ УСЛОВИ

Од податоците добиени од хидро-метеоролошката станица на град Струмица се констатира дека :

-Просечни годишни врнежи се 604 мм

-Просечна годишна температура е 13.1^{0}C

-Просечно годишно има 26 мразни дена

-Максимална висина на снежен покривач е 45см и е од краткотраен карактер

11. ОСТАНАТИ РАБОТИ

При изведување на работите, во случај да се појават некои дополнителни работи кои не се опфатени со овој Основен проект, на лице место Инвеститорот, Изведувачот и Надзорниот орган ќе донесат решение за истите.

За сите градежни работи изработен е детален предмер со пресметка на работите, а цените на чинење земени се проектантски.

С о с т а в и л :
дипл.град.инж. Живко Сапунџиев

ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ПРИ ИЗВЕДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ПРИ ИЗВЕДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Вовед

На трасата не се вршени геотехнички испитувања, и досега не се забележани фактори кои се услов за нестабилност на патеката. Направена е и визуелна проспекција на теренот долж целата траса за дефинирање на геолошките аспекти. Од почетокот на трасата па се до крајот, теренот е со ридско планински карактеристики. Спаѓа во типот на полиморфни почви, кои се карактеризираат со повремено влажнење во долниот дел од профилот, предизвикано од врнежи. На целиот овој терен не се извршени хидротехнички мелиорации при што нивото на водите е контролирано со речното корито на река Водочница.

Врз основа на согледувањата, теренот е стабилен со добра носивост и истиот е добар за употреба на сеаква механизација.

Техничките услови кои се предмет на работите опфатени со овој проект се засниваат на важечките прописи и закони на Република Македонија. Имено до 1992 год. Македонската техничка регулатива е градена во склоп на техничката регулатива на поранешната СФРЈ.

Според член 93 од Законот за стандардизација на Република Македонија, објавен во Службен весник на Република Македонија од 27 април 1995 година сите стандарди кои што во примената се среќаваат со ознаката ЈУС, да се третираат со ознака МКС.

Изведувањето на градежните работи предвидени со предмерот, односно технологијата за изведување на гредежните работи предвидени со овој проект да бидат во се според техничките услови за изведување на градежни работи за патиштата во Македонија.

Во склад со претходно кажаното може да се констатира дека сите стандардни позиции потребно е во целост да се изведуваат стрема важечките стандарди (МКС), како во поглед на технологијата на изведување на работите така и во поглед на задоволување на сите пропишани норми што поедините материјали кои се употребуваат (за изработка на долниот строј на патот, горниот строј - коловозна конструкција, квалитет на бетонот за бетонските рабоит и др.) треба да ги задоволуваат. Од тука може да се каже дека за успешна реализација на овој проект за време на неговата изградба во потполност , према пропишаните услови, треба да се воспостават односите Изведувач, внатрешна контрола (лабораторија на Изведувачот) и Надзорен орган (претставник на Инвеститорот).

Стандардните позиции и начинот на нивното изведување од областа на земјаните работи и завршните работи дадени се во Елаборатот за геотехнички истраги и димензионирање на коловозна конструкција.

Во понатамошното излагање во најопшти црти ќе биде даден описот и начинот на техничките услови под кои треба да се изведат одредени градежни работи предвидени со овој проект, а дадени по истиот редослед како што се дадени во предмерот.

Обележување и осигурување на траса

Таа работа го опфаќа исколчувањето на трасата, сите геодетски мерења во врска со пренесувањето на податоците од проектот на терен, или од теренот во цртежите и одржување на исколчените ознаки на теренот во целиот период од почетокот на работите до предавање на сите работи на Инвеститорот, како и евентуална дислокација на постоечките геодетски точки. Во таа работа се вклучува исто така и превземањето и одржувањето на сите предадени основни геодетски снимки и цртежи, како и исколчувањето на теренот кое Инвеститорот го има предадено на Изведувачот во почетокот на работите.

Обемот на таа работа мора во се да ги задоволи потребите на градењето, контролата на работите, пресметката и другите причини кои се потребни поради самата работа.

Ископ на хумус

Оваа работа го опфаќа површинскиот откоп на хумусот извршен кај ископ во широк откоп на трасата и во позајмиштата, како и под насипите со различни дебелини и негово префрлање и транспорт во постојана или привремена депонија, во согласност со проектот, односно според барањата на Надзорниот орган.

Ископ на земја во широк откоп на траса и позајмишта

Оваа работа ги опфаќа сите широки откопи, за сите видови земјан материјал, кои се предвидени со проектот заедно со одвоз, односно туркање на ископаниот материал во насипи, депонии или во депонии за разни потреби, според намената како материјалот ќе се употребува при изведување на работите. Во тие работи се вклучени сите откопи на засеци, усеци, позајмишта, корекција на водотеци, девијација на патишта како и широки откопи при изведување на објектите. Сите откопи треба да се извршат според профилите и висинските коти, со нагиби дадени во проектот, односно според барањата на Надзорниот орган, земајќи ги во предвид геотехничките карактеристики на ископаниот материјал, како и бараните особини за наменската употреба на ископаниот материјал.

Изработка на подтло

Подтлото претставува природна почва на која се врши темелење (изработка) на насип. Работата опфаќа набивање, евентуално раскопување поради сушење или

квасење на природната почва во дебелина која е определена со проектот, приближно околу 20 см. Во случај да е составот на почвата - подтлото на насипот таков да не може да се постигнат критериумите пропишани со стандардите (заситена почва, муљевита почва, почва со органско потекло и сл.) потребно е пред изработка на насипот подтлото да се припреми, одноно санира према проектот или како ќе одреди Надзорниот орган.

Контрола на квалитетот на материјалот да се врши според стандардите: МКС У.Б1.010/79; 012/79; 014/88; 016/92;018/80; 020/80; 024/68; 038/68 и МКС У.Е1.010/81, а контрола на квалитетот на уградување на материјалот според стандардите МКС У.Б1.010/79; 012/79; 016/92 и 046/68.

Изработка на насип

Таа работа го опфаќа насипањето, разастирањето, грубото односно финото планирање, навлажнувањето или сушењето и збивањето на материјалот во насипот, според димензиите одредени со проектот.

За изработка на насип ќе се употребат сите аноргански материјали со пропишан квалитет. Во насипите не можат да бидат вградени органски отпадоци, корени, грмушки, односно материјал кој со време поради биохемиското дејство би ги променил своите механичко-физички особини.

Материјалот за изработка на насип може да се добие од усеците на трасата или од позајмиштата. Прописите по кои се врши контрола на квалитетот на материјалот кој се употребува за изработка на насипите се дадени во стандардите: МКС У.Б1.010/79; МКС У.Б1.012/79; МКС Б1.014/88 и др. При испитување подобност на материјалите за изработка на насип, да се извршат испитувања на секој усек и позајмиште, како и при секоја промена на материјалот. Контролата на квалитетот при вградувањето треба да се врши према пропишаните стандарди: МКС У.Б1.010/79; МКС У.Б1.012/79; МКС У.Б1016/92 и МКС У.Б1.046/68.

Изработка на насип од земјан материал

Имајќи ги во предвид карактеристиките на материјалот кој се зема од ископите, насипите да се градат во слоеви со дебелина на слојот максимум 30 см.

При вградување на слоевите, на истите треба да им се даде попречен наклон од 4% како би се овозможило природно одводнување.

Материјалот треба да биде со природна влажност, а во случај на пореба истиот да се навлажни со прскање.

По разастирањето и набивањето, секој слој мора да се испита за степенот на збиеност. Ако се добијат добри резултати, може да се вградува наредниот слој.

Испитувањето да се врши со вадење на цилиндри или по метод на калибриран песок.

Насипите до 2,00 метри, мерено од кота на нивелета треба да се изведат со збиеност 100% од лабораторијската збиеност добиена по Прокторова метода.

Насипите да се изведат по проектираните наклони на косини со равни површини со точност од -+ 5см.

Контролата на квалитетот на изведување на насипите да се спроведува по следните стандарди: МКС У.Б1.010/79; 012/79; 016/92; 018/90; 024/68; 038/87; МКС У.Е1.010/81; МКС У.Е8.010/81.

Изработка на постелица - планум на долниот строј

Работата опфаќа фино планирање и нивелирање на завршниот слој на насипот од материјал предвиден со проектот за димензионирање на коловозната конструкција, набивање до потребна збиеност и контрола на квалитетот и рамноста.

Контрола на квалитетот на постелката да се спроведува според стандардите: МКС У.Б1.010/79; 012/79; 014/88; 016/92; 018/80; 020/80; 024/68; 022/68; 026/68; 030/92; 038/68; 040/68; 042/59.

Класификација на материјалот за постелка да се изврши според УСЦС и ААСНО класификација и Касаграндеов дијаграм на пластичност.

Нивелетата на постелката да се изработи според котите од проектот со точност од +- 2 см. Отстапување од рамноста измерена со летва од 4 м. да не е поголемо од 20 мм.

Контрола на квалитетот на вградениот материјал за постелка да се спроведе по следните стандарди: МКС У.Б1.101/79; 012/79; 014/88; 016/92; 046/68.

Изработка на тампонски слој од дробен камен

Активностите опфаќаат набавка, вградување и набивање на материјалот. Тампонскиот слој да се изработи од дробен агрегат и тоа во два слоја од по 15 см. Истиот треба да ги задоволи сите критериуми потребни за квалитетна изработка на коловозна конструкција. Контролата на квалитетот на материјалот да се спроведува во согласност со следните стандарди: МКС Б.БО.001/84; Б.Б8.012/87; Б.Б8.010/80; 030/86; 032/80; 031/82; 036/82; 039/82; 047/87; 035/84; МКС У.Б1.018/80; 038/68; Б.Б3.050/64; МКС У.Б1.046/68; МКС У.Е9.020/66; Б.Б8.001/82; 044/82; 045/78 и МКС У.Б1.042/69. Рамноста да се контролира со летва од 4 м., а нерамнините да не се поголеми од 10 мм. Точноста на нивелетските коти да е во границите +- 10 мм.

Изработка на монтажни цевасти пропусти

Се изведува според деталот во проектот. Монтажниот цеваст пропуст е од МБ30 и има отпорност на мраз М-100, се монтира на бетонска подлога од МБ20. Се поставуваат на длабочина од 1.5 м.

Составил,

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во овој Елаборат за заштита при работа се предвидуваат мерки и нормативи за создавање на безбедни услови за заштита на работниците при работа.

Безбедни услови при работата се остварени ако повредите и други здравствени оштетувања на работниците не може да настанат освен во случај на дејствување на виша сила. Со Правилникот за заштита на работа, прашањата од интерес за заштита при работа ги уредуваар на единствен начин за претпријатието, па се должни на истите да се придржуваат при работата.

Работниците во Претпријатието исто така се должни да ја организираат заштитата при работа. Мерките и нормативите за заштита при работа се определени со прописи донесени врз основа на одредбите од Законот за заштита при работа - (Службен весник на РМ бр. 13/98) на кои работниците на претпријатието се должни да се придржуваат на работата.

Опасностите на градилиштето се многубројни и до несреќа може да дојде лесно ако работите се изведуваат невнимателно. Опасностите се предизвикуваат поради поради невнимание при сопствената работа или од невнимание при работа на другиот. Затоа е неопходно да се согледаат сите можности кои можат да предизвикаат опасност а кои треба да се отклонат благовремено. Ако при работата така се постапува можностите за несреќни случаи се сведуваат на минимум или потполно се избегнуваат.

За сигурност при работа неопходно е познавање на квалитетот и особините на материјалот со кој што се работи, како и познавање на основните закони на статиката.

Заштитата на работа бара избегнување на секаков ризик во однос на "штедење" на материјали при земјаните ископи. Ако на градилиштето се наиде на инсталации од гас, електрика, вода или др. работи на ископот мора да се вршат според упатствата и под надзор на стручно лице од страна на организациите што ги одржуваат инсталациите.

Пред вршењето на ископ на земја или чистење на земја од затрупаните јами, бунари, канали и др. мора претходно да се провери дали евентуално има штетни, запаливи или експлозивни гасови.

Ако ископот се врши со минирање, работите мораат да се изведуваат според важечките прописи за минирање.

Пред почетокот на работата на ископот на земја, а секогаш по временски непогоди, мразеви или топење на снег и мраз, раководителот мора да ја прегледа состојбата на работите и превземе мерки против обрушување.

I. Осигурување на градилиштето спрема околината

I.1. Сите основни организации на здружен труд кои ги изведуваат работите од областа на градежништвото должни се да постават ограда околу градилиштето, односно на друг начин ги осигураат границите на градилиштето, како обврска на осигурање на градилиштето спрема околината.

I.2. Потреба за изградба на ограда околу градилиштето има заради тоа што луѓето кои се движат во близина на градилиштето или низ еден негов дел можат да се повредат бидејќи не се доволно запознати со изворот на опасностите.

Ако градилиштето опфаќа голем комплекс од земјиштето така да не е можно да се огради целото подрачје на градилиштето каков што е случајот со комунална дејност како што се водовод и канализација, патишта, озеленување и др. Се оградуваат само оние делови на градилиштето каде што постои можност за сметање во работата, или опасност од отуѓување на материјали, машини, алат, инвентар, потоа на места каде што се движат луѓе, а можат лесно да бидат повредени.

I.3. Ограда околу градилиштето може да биде изведена како:

а) Ограда од плетена или бодликава жица.

б) Монтажна ограда.

II. Сместување и исхрана на градилиштето

II.1. Работната организација должна е да обезбеди сместување за работници која што ги изведува работите, било да е таа вон седиштето на организацијата или во седиштето на организацијата каде што ги изведува работите и тоа за самци да обезбеди објект за сместување.

II.2. Гардероби на градилиште се поставуваат за пресоблекување и повремено загревање на работниците. Овие гардероби претставуваат и склониште за работниците во случај на времени непогоди.

Гардеробите се обично монтажни и се поставуваат на места каде не постои опасност од поплави, одрон од земја, на терен кој што е стабилен и добро е пристапен. За секој работник мора да се обезбеди 0,7 м2 површина на под. Во просторијата треба да има вешалка или гардеробни ормари. Потребно е истите секој ден да се чистат и освежуваат, а зиме мора да бидат загреани. Во истата барака се предвидува оделна просторија за исхрана.

III. Санитарни објекти на градилиште

На секое градилиште мора да има обезбедено умивалници и нужници.

IV. Организација на давање прва помош на градилиште

IV.1. На секој објект мора да има оспособени работници за давање на прва помош. Во случај на повреда или болест на работникот му се укажува прва помош и тогаш се пренесува во најблиска здравствена установа.

IV.2. Материјал и опрема за давање на прва помош. На градилиште мора да постои ормарче за прва помош со сите потребни материјали според прописите. Ормарот треба да биде сместен во канцеларијата на работоводителот кај кого се наоѓа и клучот од ормарчето. Ормарчето треба да е офарбано во бела боја и означено со црвен крст, а на ормарот треба да е испишано следново:

- Адреса на најблискиот лекар (евентуално телефонски број)

- Адреса и телефонски број на најблиската здравствена станица како и имињата на работниците способни за давање на прва помош. Покрај ормарчето за давање на прва помош се поставуваат соодветни носила подесени за пренесување на повредени работници.

V. Уредување и комуникација во градилиштето

V.1.1. Патиштата за премин и транспорт со колички по градилиштето се уредуваат така да се заобиколуваат сите препреки отворени јами или канали. Овие стази треба да се поравнати, и по нив ќе се движат рачни колици.Во случај да е теренот расквасен се ставаат мосници кои се споени накрсно. Стазата мора на најтесното место да има ширина на јапонер со додаток од 30 см од двете страни.

V.1.2. Патиштата односно стазите за премин на луѓето и работниците како и транспортот на теренот на некои места кои ќе наидат на канали и ровови за електро каблови, водоводни или каналски мрежи или истите за темели на објекти на тие места се оставаат премини од мосници. Ширината на преминот не смее да биде помала од 60 см. Потребно е да се направи од дрвени мосници меѓусебно поврзани со попречни летви од долната страна. Ако е ширината на ровот поголема од 1,0 м на преминот од мосницата на двете страни се става заштитна ограда со ширина од најмалку 1,0 м.

V.1.3. Потребни премини односно рампи се поставуваат на места каде што треба да се совладаат високи разлики. Вакви премини се прават во согласност со барањата за премини преку канали и ровови односно со споени мосници со ширина најмалку од 60 см. Премините не смеат да имаат поголем нагиб од 40% од горната страна на преминот се ставаат попречни летви со димензии 4,8 ´ 2,4 см на растојание од 30 до 35 см.

V.2. Патиштата на градилиштето се делат на:

V.2.1. Патишта за транспорт на материјали на градилиштето, односно улици треба да се користат така да возилата имаат кружно движење, за да се спречи опасно возење назад и вртење на возилата на неподесени места. Патиштата за работа ноќе мора да бидат осветлени, а исто така потребно е да бидат поставени

сообраќајни знаци за соодветно движење како што се: намалување на брзина, информативни знаци и др. Брзината на движење на возилата на градилиштето се ограничени на 10 км/час.

V.2.2. Утоварно и товарни површини се сметаат оние места каде што се врши било каков претовар како што се депонија на песок, складиште на оплата, депонија на шљунак, складиште на арматура, складиште на алат и опрема. При утоварно-истоварните површини манипулативниот простор мора да биде широк најмалку 100 м2. Утоварно-истоварните површини треба да осигураат движење на возила без пропаѓање.

VI. Електрични инсталации за погон и осветлување на градилиштето

За работа на машини и осветление на градилиштето потребно е да се спроведе електрична мрежа и тоа под земја. Вод од висок напон кој што се протегнува преку односно во близина на дигалка потребно е да се измести а работите треба да ги изведува овластено електро претпријатие.

VI.1. Електрични инсталации за погон на машините и алатот потребно е да се спроведат да истите под земја и да се приклучат на најблизок разводен ормар. Секој приклучок на машините и алатот треба да имаат на работното место склопка за уклучување односно исклучување на струја, а електричните каблови да бидат од механички оштетувања.

Сите електрични уреди мораат да бидат заштитени од превисок напон на допир со еден од познатите начини за заштита како што се заштитно уземјување, нужно поставување на заштитни склопки и др. Исто така објектите треба да бидат заштитени од удар на гром на соодветен начин со земјоводи од поцинкована трака од пресек 50 м2 за полагање над земја, односно 100 м2 при полагање на земја.

VI.2. Електрични инсталации за осветлување на градилиштето потребни се ако на објектот е планирана ноќна работа. На местата кои треба да се осветлат, светлото треба да биде од оваа јачина:

- кај депонија на песок и шљунак и околината 60
- кај бетонска мешалица 75
- на место на работа 75

Патот по кој се движат транспортните возила исто така треба да биде осветлен.

VII. Заштита од пожар на градилиштето

На поголемите објекти каде што се складираат големи количини запаливи материјали се обезбедуваат со соодветен против пожарен апарат, прибор и хидрантска мрежа.

Раководителот на градилиштето одредува група од најмалку 5 работници оспособени за гаснење на пожар, со раководител на гасење на пожар кои што ќе делуваат при гасење на пожар.

На секој објект потребно е на видно место да биде истакнат телефонски број на најблиската противпожарна единица. Организацијата и спремноста на екипата за гасење на пожар мора повремено да се проверува со демонстрации и др. а на чело со раководителот за гасење на пожар.

VII.1. Организирање на заштита од пожар при изведба на опасни работи како што се топење на битумен, премачкување на оплата за уље, перење на делови од машина со нафта и др.

За спречување на избивање на пожар односно неконтролиран оган кој што се користи за топење на битумен мора да се:

- Котлите за топење на битуменот мораат да имаат поклопци и затворено ложиште.
